**РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА А.Д. СКОПЈЕ**
16-та Македонска бригада бр. 18, тел: 02/ 5514 330

**До**

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД**
**СКОПЈЕ**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## Кон финансискиот резултат од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во деловната 2021 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на РЖ Техничка контрола - АД, Скопје.

**Вкупни приходи**

Во 2021 година вкупните приходи изнесуваат 90.267.342,00 денари. Тие се зголемени за 12.298.723,00 ден. во споредба со 2020 година, поради зголемениот обем на работа во 2021 година.

**Вкупни расходи**

Во 2021 година вкупните расходи изнесуваат 76.814.905,00 денари. Тие се зголемени за 4.638.578,00 ден. во споредба со 2020 година, поради зголемениот обем на работа во 2021 година.

**Вложувања или продажба на материјални средства**

Во 2021 година не се продадени материјални средства од РЖ Техничка контрола - АД,Скопје. Во 2021 година во нова опрема се вложени 960.000,00 денари (опрема за автоматска титрација). Освен тоа, кон крајот на 2021 година се инвестирани 42.560,00 евра во нова опрема заради замена на стари апарати. Оваа опрема пристигна во февруари 2022 година.

**Обврски по кредити**

Друштвото не користи кредити, користи сопствени средства за своите потреби.

**Дивиденда**

Во 2021 година е исплатена дивиденда во бруто износ од 7.570.600,00 денари, односно 40,00 денари бруто по акција.

**Коментар за работењето во 2021 и идни очекувања**

Во 2021 година имаме подобри финансиски резултати во однос на 2020 година. Тоа е резултат на доброто работење на нашите главни клиенти од челичната индустрија. Тоа беше неочекувано заради зголемените цени на енергенсите кои се од витално значење за индустријата.

Во 2022 година очекуваме голема неизвесност заради зголемување на цените на енергенсите и другите материјали што ги користиме. Исто така, голема неизвесност постои и поради политичката состојба во светот.

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА-АД,Скопје

Извршен директор

Бошко Угриновски